# ВРЕМЕНСКИ ПРЕГЛЕД НА НАЈЗНАЧАЈНИ ПОДАТОЦИ:

**10. 03** Прекин на воспитно-образовниот процес и наставата.

Ослободување од работните задачи на еден од родителите на деца до десетгодишна возраст.

**11. 03** Утврдување на категориите на лица ослободени од работа поради одредени здравствени состојби.

**18. 03** Прогласување вонредна состојба.

**19. 03** Агенцијата за вработување во Охрид добила пријави за одјавување на околу 3000 вработени во преработувачката и угостителската индустрија.

**23. 03** Посебен режим на движење на лицата над 67 години.

**31. 03** Барање за спроведување засилени мерки на заштита на лицата лишени од слобода во услови на пандемија со коронавирусот.

Државна финансиска помош за фирмите за исплата на платите на вработените.

Прекршувањата на препораките за превенција и заштита од коронавирусот опфатија 1007 работници.

**01. 04** Хелсиншкиот комитет за човекови права и Македонското здружение на млади правници поднесоа заеднички препораки до надлежните институции за спроведување на засилени мерки на заштита на лицата кои се лишени од слобода во услови на пандемија со вирусот COVID-19 согласно меѓународните стандарди.

**08. 04** Посебен режим на движење на лицата со попреченост за времетраење на полицискиот час.

**09. 04** Барање за предвидување исклучок од санкционирање на жени-жртви на насилство и нивните деца кои го напуштаат домот поради закана и директен ризик од насилство.

**10. 04** Одлука на МВР за движење без потребна дозвола на жртвите на насилство во текот на полицискиот час до најблиската полициска станица и/или до најблиската здравствена установа.

**13. 04** Барање за изрекување итни мерки за заштита на жените и децата жртви на семејно насилство додека трае вонредната состојба.

Доставени сет од барања до Владата за заштита на работничките права.

**15. 04** Препораката за работење од дома може да ја спроведат едвај 1% од лицата со попреченост вработени во заштитните фирми.

**24. 04** Хелсиншкиот комитет за човекови права и Македонското здружение на млади правници заеднички поднесоа информативни флаери до сите хотели кои беа сместувачки капацитети за лицата кои беа во државен карантин. Флаерите ги содржеа правата и обврските на лицата сместени во овие објекти.

**29. 04** Одлука на Владата за дозвола за отпуштање до 15% вработени на фирмите што користат државна финансиска поддршка за исплата на плати.

**30. 04** Прв случај на фемицид во време на пандемија.

Принудни спогодби регистрирани во 17 случаи што опфатија 265 работници.

Онлајн платформите за учење на далечина ги исклучуваа најголемиот дел од децата со попреченост. На крајот на април беше промовирана онлајн платформата за учење и развој на децата со попреченост.

Работодавачот што користи финансиска поддршка за исплата на плати не смее да има намален број вработени во април и мај, заклучно со јули 2020 година.

**11. 05** Втор случај на фемицид во време на пандемија.

**14. 05** Уставниот суд го укина Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Уставниот суд поведе постапка за оценување на уставноста на одлуката за посебен режим на движење на лицата постари од 67 години.

Владата донесе одлука со која престана да важи посебниот режим на движење за лицата постари од 67 години.

**17. 05** Паричен надоместок за сите лица што останале без работа од 11 март до 30 април. Опфатени беа најмалку 8.000 работници чијашто егзистенција беше сериозно загрозена.

Враќање на работа на работниците кои работодавачите ги одјавиле од системот на задолжително социјално во март и април.

**01. 06** Во Штип затворени вкупно 6 текстилни конфекции во кои работат приближно 500 работници, поради случаи на заразени со коронавирусот. Работодавачите организирале превоз од дома до работното место и назад, во исти автобуси, заедно со заболените работнички од друга фабрика и придонеле за ширење на заразата.

**28. 07** УЈП соопшти злоупотреба од работодавачи што примиле државна финансиска помош, но не ја исполниле обврската за исплата на плати.

**29. 07** Хелсиншкиот комитет за човекови права побара казни и присилна наплата за фирмите кои добиле државна помош, а не исплатиле плати. Комитетот побара сите финансиски мерки за помош и поддршка на работниците да им се исплакаат директно ним.

**10. 09** Трет случај на фемицид во време на пандемија.

**14. 09** Најава: мерката за ослободување од работни обврски ќе продолжи да важи само за бремените работнички.

**23. 09** Престанаа да важат мерките за ослободување од работа на хронично болните работници, родителите на деца до десетгодишна возраст и работниците што користат породилно отсуство.

**28. 09** Директна финансиска поддршка и стимулирање на препријатијата за враќање и задржување на работниците на работните места.

## ПРАВНА ПОМОШ ЗА ГРАЃАНИТЕ

**ДОКОЛКУ ТИ Е ПОТРЕБНА ИНФОРМАЦИЈА И/ИЛИ СЕ СООЧУВАШ СО ПРАВЕН ПРОБЛЕМ,МОЖЕШ ДА ДОБИЕШ ПРИМАРНА ПРАВНА ПОМОШ ВО ВИД НА:**

Општа правна информација за начинот, условите и постапката за остварување на некое твое право или интерес.

Општ правен совет за начинот и можностите за решавање на твоето правно прашање.

Помош при комплетирање на барањето за секундарна правна помош од адвокат, пополнување формулари и обрасци и составување претставки до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Народниот правобранител и до Уставниот суд.


ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

**НАШАТА АДРЕСА Е:**
ул. Наум Наумовски Борче
бр. 83, 1000 Скопје

**МОЖЕШ ДА НÈ КОНТАКТИРАШ И НА ТЕЛЕФОНСКИТЕ БРОЕВИ:**
+389 (0) 2 3119 073;
+389 (0) 72 278 436

**ИЛИ НА E-MAIL:**
helkom@mhc.org.mk



Овој текст е изработен со финансиска поддршка од заедничката програма на Европска Унија и Совет на Европа. Тука искажаните мислења нужно не го одразуваат официјалното гледиште на двете страни.

Финансирано од Европската Унија и Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано од Советот на Европа

ЕУ со ТЕБЕ




# ВРЕМЕНСКА РАМКА ЗА НАЈЗНАЧАЈНИТЕ НАСТАНИ И ПРЕКРШУВАЊА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈА

*Брошурата го опфаќа периодот од 10 март до 30 септември.

*Од донесувањето на првата владина мерка на 10 март, Хелсиншкиот комитет за човекови права непречено им обезбедува правна помош на граѓаните и регистрира прекршувања на човековите права.


Финансирано од Европската Унија и Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано од Советот на Европа

ЕУ со ТЕБЕ


